**Обраќање на министерката за одбрана Славјанка Петровска по повод свечениот собир на вработените во Министерството за одбрана и во Генералштабот на Армијата во пресрет на Денот на Армијата на Република Северна Македонија - 18. Август**

17.08.2023 година - Воен Стадион, Скопје

Почитувани вработени во Министерството

Почитувани припадници на македонската Армија,

18. Август, Денот на Армијата е ден кога целата нација оддава почит и признание за нашето место во општеството, како гарант на мирот, безбедноста и стабилноста на државата, како рака која е подготвена секогаш и секаде да помогне, како столб кој ја зацврстува нашата државност.

И затоа како министерка за одбрана сум јас горда на вас. Горда сум на вашиот професионализам, вашиот мотив и вашата посветеност. Започнаввме и реализираме силни реформски зафати и процеси токму заради тоа што секој од вас не калкулира во кој момент колку од себе и своите вештини ќе ги искористи за доброто на државата, туку напротив – давате сè и секогаш.

Еден министер е успешен толку колку што се успешни и соработниците, а фактите покажуваат дека одбраната функционира исклучително успешно и затоа заслугата не е моја, не е на некој поединец, туку на сите нас заедно, затоа што ние сме едно семејство, еден организам кој може да функционира само ако работиме како едно, обединети во нашата заедничка цел. Не смее да постои никакво разединување, ниту еден со друг да гледаме со сомнеж, или пак недоверба. Ние сме едно!

Во тоа име, на сите припадници на Армијата, сакам да им се заблагодарам што секој предизвик со кој се соочува нашето општество го прифаќаат како уште една задача која ја завршуваат максимално посветено и професионално, без

двоумење. Тоа е нешто кое го цениме и со нашата посветеност кон процесот на модернизација и опремување, меѓутоа и со зголемувањето на стандардот, на платите, на надоместоците. Вие тоа го заслужувате! И ќе продолжиме во оваа насока зашто секој кој ја носи униформата на македонската армија е наша гордост.

Вие најдобро знаете колку измените на Законот за служба во Армијата влијаат на подобрувањето на стандардот на припадниците на македонската Армија и нивната мотивираност и токму затоа подготвуваме нови измени на тој закон.

Но цело е кога има сè. Системот нема да функционира исто ако исто толку не вложуваме и не внимаваме колку што внимаваме на стандардот на припадниците на Армијата, не внимаваме и на местото, улогата и стандардот на службениците во одбраната. Ние сме едно врзано ткиво од кој токму службениците на одбраната се исклучително важен сегмент.
Сите вие за мене сте важни и вие сте одбраната на татковината.

Станува збор за процес кој е комплексен, процес низ кој поминавме, еден подолг период, но и процес кој конечно го завршуваме. Вчера ги затворивме сите отворени прашања кои беа поврзани со Предлог – Законот за вработените во одбраната и од утре тој ќе биде во владина процедура.
Им благодарам на членовите на работната група во постојниот состав и поткомитетот се разбира, меѓутоа и сите претходни членови и сите кои на било каков начин допринесоа за подобрување на текстот на Предлог – Законот, со свои сугестии, со свои коментари, очекувам се разбира разумна поддршка и од сите политички партии кои се претставени во собранието.

Сите вие продолжете да бидете одлични соработници, искрени колеги, пријатели кои си помагаат и се поддржуваат еден со друг. Само така ќе имаме успех во сите процеси, а успехот во Министерството и Армијата значи успех во државата и загарантирана безбедност.

Нека е честит Денот на Армијата!